| | |
|---|---|
| Предмет | НЕВРОЛОГИЈА СО НЕВРОФИЗИОЛОГИЈА |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт |
| Код: | СФ-218 |
| Студиска година | Втора |
| Семестар | Трети |
| Вкупно часови | 70 |
| Кредити | 5 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за запишување во втора година |
| Изведува: | Катедра по неврологија |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Вера Даскалова |
| Адреса: | Клиника за неврологија Водњанска 17, Скопје,<br>Тел. +389 2 147 333 (Неврологија) |
| Клучни зборови | Студии за физиотерапевти , базични предмети, неврологија |
| Учебни цели | Да се запознаат со клиничката слика, дијагностичките и терапевтски можности на најчестите невролошки заболувања со посебен осврт на крвните садови, дегенеративните заболувања и тумори на мозок како и за повредите и функционалните нарушувања |
| Кратка содржина | **Теоретска настава (40 часа):**<br>✓ Пристап кон болен со невролошко нарушување (анамнеза,<br>✓ физикален преглед, дијагностички процедури)<br>✓ Невротрансмисија (неврофизиологија)<br>✓ Електродијагностичка евалуација на периферен нервен систем<br>✓ Болка<br>✓ Главоболка<br>✓ Дисфункција на церебрални лобуси (афазија, апраксија,<br>✓ агнозија, амнезија)<br>✓ Епилепсија<br>✓ Цереброваскуларни заболувања<br>✓ Тумори на мозок<br>✓ Дисфункција на кранијални нерви<br>✓ Нарушувања на движење (тремор, дикинезија, М.Паркинсон,<br>✓ цереберални и спиноцерeберални нарушувања)<br>✓ Мултипла склероза<br>✓ Нарушувања и болести на 'рбетен мозок<br>✓ Нарушувања и болести на периферен нервен систем и<br>✓ моторен неврон<br>✓ Мускулни нарушувања и болести<br><br>**Практична настава (30 часа):**<br>Вежбање на пристап кон болниот со невролошко нарушување и демонстрација на методите на невролошката и неврофизиолошка дијагностика |
| Организација | **Теоретска настава:** 40 часа<br>**Практична настава:** 30 часа |
| Методи на учење | Предавања, вежби |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:**<br>Студентот ќе се стекне со знаење и разбирање за најчестите |

| | |
|---|---|
| | здравствени проблеми на невролошките болни.<br>Клучни вештини:<br>Студентот ќе биде оспособен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаења. |
| Специфични препораки за настава | **Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењето за да добие потпис.**<br><br>Бодирање на активностите на студентот:<br><br>[TABLE1]<br><br>* присуство на теоретска настава:<br>51% - 60% - 7.5 бода;<br>61% - 70% - 8.5 бода;<br>71% - 80% - 10 бода;<br>81% - 90% - 12 бода;<br>91% -100% - 15 бода..<br><br>** практична настава: секоја вежба носи 1 бод (30 вежби):<br>присуство - 0.5 бода<br>активност на вежба - 0.5 бода<br><br>Континуирана проверка (колоквиум):<br>Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската и практичната настава за да пристапи на континуираната проверка. Проверките се писмени (тест со повеќекратен избор).<br>Студентот задолжително се јавува на колоквиум, во спротивно не стекнува право на потпис на крајот на семестарот.<br>**Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од двете континуирани проверки кога се стекнува со право за оформување на завршна оценка.**<br>**Доколку студентот положи еден од двата колоквиуми се јавува на комплетен завршен испит.**<br>**Доколку студентот не ги положи двата колоквиуми нема право да се јави на комплетен завршен испит.**<br><br>Завршен испит:<br>Нема. Доколку студентот ги положи обата колоквиума, се оформува целосната оценка.<br><br>Комплетен завршен испит:<br>Студентот полага комплетен завршен испит ако не освоил минимум бодови (60%) на еден од двата колоквиуми. Испитот претставува колоквиум што не е положен.<br>Доколку студентот не го положи неположениот колоквиум, нема право на оформување на оценка.<br><br>Оформување на целосната оценката:<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите** |

| Вид на активност | Бодови |
|---|---|
| Теоретска настава | 7.5-15 |
| Практична настава | 7.5-15 |
| Континуирани проверки-2 | 45-70 |
| Вкупно: | 60-100 |

| | |
|---|---|
| | **активности, вклучувајќи ги и континуираните проверки.**<br><br>ВОНРЕДНИ СТУДИИ:<br>Се изведуваат 40% од предвидената теоретска и практична настава.<br>**Испитот се изведува во ИСПИТНИ СЕСИИ и се состои од:**<br>- тест со повеќекратен избор<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите активности.** |
| Учебни помагала | Основни:<br>Авторизирани предавања од Катедрата. |